# РОМИТЕ НА КОИ НЕ ИМ БЕШЕ ДОЗВОЛЕН ИЗЛЕЗ ОД МАКЕДОНИЈА ГО ДОБИЈА СУДСКИОТ СЛУЧАЈ ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА

**Скопје, Будимпешта, 10 Октомври, 2017.** Две ромски семејства на кои им беше кажано дека не можат да ги користат своите лични карти за да патуваат надвор од земјата, беа жртви на расна дискриминација, пресуди суд во Скопје. Четворицата ромски тужители ја добија тужбата против Министерството за внатрешни работи за дискриминација и прекршување на нивното право на еднаков третман, со правно застапување од Европскиот центар за правата на Ромите (ЕЦПР).

Севдија и Сенад Асан, заедно со нивните три деца, и Ајтен и Суват Бекир, кои исто така имаат три деца им беа одземени пасошите при пристигнувањето во Македонија, откако нивното барање за азил во ЕУ беше одбиено. При пристигнувањето нивните пасоши им беа одземени, и неколку недели подоцна Министерството за внатрешни работи изрече забрана со која на овие семејства им се одзема правото да ги користат личните карти за преминување на државните граници. Имено, македонските граѓани можат да ѓи користат своите лични карти при патување во соседната држава Србија и некои други држави. Во тоа време, одземањето на пасошите беше во согласност со националниот закон (кој за многу кратко време беше прогласен за неуставен). Сепак, последователната забрана за користење на личните карти беше и сè уште е противзаконска бидејќи Министерството за внатрешни работи дејствувало без одобрување од судот за изрекување забрана за патување. Паровите тврдеа дека овие мерки се преземени против нив како дел од поголема дискриминациска шема што постои во рамките на Министерството за внатрешни работи и има за цел да ги спречи Ромите да ја напуштат Македонија. Ромите се рутински етнички профилирани, им се забранува излез на границата и се гонети за кривично дело „злоупотреба на безвизниот режим“ со намерен обид да им се забранува излез од државата.

*„Денот кога дознав за нашата забрана за патување, се почувствував како странец во земјата во која што сум роден. Ова немаше да ми се случи ако не бев Ром“,* рече Асан Сенад во едно интервјуто за ЕЦПР.

Основниот суд Скопје I ја донесе својата пресуда на 11 септември, утврдувајќи повреда на правото на еднаков третман и доделувајќи им отштета на ромските парови во вкупен износ од 200.000 МКД (€3,250). Судот утврди дека Министерството за внатрешни работи нема улога да ги применува Шенгенските и регулативите на ЕУ при вршење контрола на границите, а исто така утврди дека ромските парови не претставувале никаква закана за јавните политики или меѓународните односи на република Македонија. Судот заклучи дека забраната за излез од Македонија на тужителите изречена од Министерството за внатрешни работи е резултат на дискриминација поради тоа што тужителите биле од ромска националност.

*„Македонија го маргинализира своето ромско население и општествено и институционално“* рече претседателот на ЕЦПР, Ѓорѓе Јованович. *“Ромите се дискриминирани кога се обидуваат да добијат пристап до јавните услуги, младите Роми премногу често умираат во затворите под сомнителни околности, додека полициските службеници ги брутализираат ромските семејства, а општините им ги рушат домовите. Потоа, кога тие се обидуваат да ја избегнат ова систематска дискриминација и вознемирување– тие се етнички профилирани и им се забранува излез од сопствената земја.“*

Оваа забрана за патување со лични карти за ромските парови од страна на Министерството за внатрешни работи претставува очигледно кршење на нивните права и на законот. ЕЦПР е свесен дека, во ниеден случај, ова не претставува изолиран инцидент и смета дека тоа е дел од организирани заложби за етничко профилирање на Ромите во Македонија и за негирање на нивната слобода на движење надвор од земјата. Полицијата намерно го игнорираше судскиот процес при спроведување на оваа забрана, не поради незнаење, туку под претпоставка дека нема да има реперкусии и дека Ромите нема да се борат за своите права. Оваа победа покажува дека ЕЦПР нема да дозволи овој проблем во Македонија да помине без да биде оспорен.

За повеќе информации или за закажување интервју, ве молиме контактирајте го:

Џонатан Ли

Координатор за комуникации
Европски центар за правата на ромите
jonathan.lee@errc.org
+36 30 500 2118